Република Северна Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AVOKATI I POPULLIT
Republic of North Macedonia
OMBUDSMAN

На **29.11.2018** година, Националниот превентивен механизам спроведе редовна ненајавена посета на Полициската станица за гранични проверки Аеродром Скопје.

Посетата произлегува од мандатот на Народниот правобранител - Национален превентивен механизам, предвиден во Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нехумано или понижувачко постапување или казнување. Со Факултативниот протокол се дефинира спроведување на редовни посети на местата каде што може да се врши лишување на лица од слобода, со цел идентификување на ризици заради спречување на тортура или друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

НПМ тимот наиде на добра соработка и кооперативност од страна на службените лица вработени во Полициската станица, кои овозможија непречен пристап до сите простории и инсталации и увид во бараната документација.

При извршениот увид во канцелариите не беа забележани средства, ниту останати сомнителни предмети со коишто би можело да се врши заплашување на приведените, односно лицата лишени од слобода и задржани лица.

Полициската станица за ГП Аеродром Скопје нема посебна просторија за распит на приведени и лица лишени од слобода, односно распитот се одвива во салата за состаноци.

Полициската Станица за ГП Аеродром Скопје нема база на овластени преведувачи на ретки јазици (арапски јазик, урду, пашту и сл.).

НПМ тимот утврди дека не е соодветна местоположбата на просториите за одмор наменети за лицата кои не ги исполнуваат условите за влез во

државата, кои се наоѓаат во долниот дел од терминалната зграда под транзит зоната, особено во поглед на ограничениот пристап за излез и влез во истите.

НПМ тимот утврди дека во ПС за ГП Аеродром Скопје за полициските службеници се организираат редовни и континуирани обуки на најразлични тематски содржини, а дел од поискусните полициски службеници држат обуки како ментори, дел од полициските службеници членуваат во меѓународните организации од нивниот делокруг на работа (Фронтекс) и се уште активно посетуваат специјализирани обуки.

Полициската станица за ГП Аеродром Скопје нема посебна просторија за баратели на азил, како и нема обрасци за искажување на намера за поднесување на барање за азил, ниту се забележани истакнати информации за барателите на азил.

Достапност на листата на адвокати регистрирани во Адвокатскиот роковник издаден од Адвокатска комора на РМ, во случаи кога повиканите, приведените и лицата лишени од слобода, сакаат да го искористат правото да повикаат бранител.

НПМ тимот утврди дека има недоволна информираност на полициските службеници од областа на азилот и ниско ниво на познавање на мерките поврзани со упатување на лица на кои им е потребна, или имаат намера да побараат меѓународна заштита.

НПМ тимот утврди дека има ниско ниво на познавање кај службените лица за Стандардните Оперативни Процедури за постапување со ранливи категории на лица-странци и Стандардните Оперативни Процедури за постапување со непридружувани деца – странци.

НПМ тимот утврди дека хигиената во просториите на Полициската станица за гранични проверки Аеродром Скопје беше на соодветно ниво.

НПМ тимот утврди дека Евиденцијата во ПС за ГП Аеродром Скопје се води читко, јасно и уредно и согласно правилата за канцелариско работење. Во книгите за евиденција воопшто не се користи коректурен лак, се препознава хронолошки след на евидентираните настани и постои месечна рекапитулација.

За посетата, Националниот превентивен механизам изготви Посебен извештај во кој ги констатира позитивните и негативните состојби и даде конкретни препораки до Министерството за внатрешни работи, како и до командирот на полициската станица, со цел да се елиминираат укажаните недостатоци и да се подобрат условите и постапувањето со лицата лишени од слобода, приведените и задржаните лица.